*М-Р ДИМИТАР НИКОЛОСКИ*



# ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ НА НЕЕДНАКВОСТА ВО РАСПРЕДЕЛБАТА НА ПРИХОДИТЕ

Мал број феномени во економијата бараат толква научна прецизност и интелектуална совесност како што е феноменот на нееднаквоста. Заради овие причини, евидентно е дека нееднаквоста, како во минатото, така и денес, се наоѓа во жижата на економските и политичките конфликти. Проблемите на распределбата на приходите последниве децении сè повеќе и повеќе го привлекуваат вниманието на академското и научното миље. Постојат повеќе прашања коишто се поставуваат во однос на оваа тема: Како приходите се распределени во една земја? Како можат да се објаснат воочените разлики во распределбата? Кое е влијанието на владините мерки врз распределбата на приходите?

Нееднаквоста како феномен, евидентно е дека постои во скоро сите домени на економскиот, политичкиот и општествениот живот. Таа претставува суштински белег на секое општество изразувајќи ги разликите помеѓу индивидуите, домаќинствата или општествените групи. Нееднаквоста во голема мера е определена од личните способности на единката, но и од наследените права од претходните генерации. Оттука, произлегува дека нееднаквоста во секој општествтен систем, без разлика на неговиот идеолошки предзнак, неминовно мора да постои. Таа посебно добива на значење во услови на "тектонски" промени во општеството, кога промените во економската и политичката сфера најчесто резултираат со зголемување на нееднаквоста.

Анализата на нееднаквоста од економска гледна точка нè ограничува стриктно на приходите, исклучувајќи ги другите форми на нееднаквост. Распределбата на приходите е една од најзначајните карактеристики на секој општествен систем што наметнува потреба за соодветно објаснување. Бројни примери зборуваат дека треба да се биде мошне внимателен во дефинирањето на концептите коишто се однесуваат на приходите, нивната распределбата, како и нееднаквоста во таа распределба.

Основен извор на податоци за анализа на нееднаквоста во распределбата на приходите претставуваат статистичките анкети за приходите и потрошувачката на домаќинствата. Ваквите анкети, периодично ги спроведуваат надлежните државни институции и истите претставуваат официјален извор на податоци за социо-економските движења во државата. Паралелно со овие официјални извори на податоци, во практиката, неопходно е да се користат дополнителни информации произлезени од низа други индивидуални истражувања на соци-економските феномени. Оваа потреба, особено е нагласена во турбулентните транзитивни општества каде што промените во сферата на економијата и политиката се одвиваат со забрзано темпо.

Во публикациите за овие анкети се објавуваат податоци за: просечните расположиви средства според из-

ворите, висината на употребените средства според намената на потрошувачката, висината на употребените парични средства, количествата на прехрамбени и други артикли наменети за лична употреба, како и податоци за снабденоста на домаќинствата со некои поважни трајни добра. Податоците од оваа анкета овозможуваат согледување на нееднаквоста за сите домаќинства вкупно и според социо-економските категории на домаќинствата: земјоделски, мешовити и неземјоделски домаќинства.

Тесно поврзани со поимот нееднаквост се и показателите на нееднаквост, коишто претставуваат квантитативен израз на нивото на нееднаквост. Показателот на нееднаквост претставува скаларна презентација на разликите во приходите помеѓу членовите на дадена популација. Оваа дефиниција дадена од страна на *Cowell*[1] грубо ги резимира заедничките карактеристики на сите показатели на нееднаквост. Употребата на терминот "скалар" укажува на тоа дека карактеристиките на нееднаквоста на една дадена популација се компримирани во еден единствен нумерички показател, при што се губи дел од информацијата што со себе ја носи целокупната распределба на приходите. Постојат повеќе аргументи за и против оваа контракција на информацијата настаната при процедурата на агрегација.

Показателите на нееднаквост можеме да ги групираме во две основни групи: показатели на оддалеченост и синтетички показатели на нееднаквост.

Показателите на оддалеченост се такви показатели на нееднаквост коишто се засновани врз распределбата на приходите по квантили или децили. Квантилите и децилите ја делат распределбата на приходите на еднакви делови. Така на пример, првиот квантил би ги претставувал 20% најсиромашни од дадената популација, додека, петтиот квантил би ги претставувал 20% најбогати во популацијата. На сличен начин, првиот децил ги претставува 10% најсиромашни од дадената популација, додека, десеттиот децил ги претставува 10% најбогати во популацијата. Со помош на распределбата по квантили и децили, најчесто, како мерки на нееднаквоста во распределбата на приходите се користат односот меѓу петтиот и првиот квантил и односот меѓу десеттиот и првиот децил. Овие показатели се мошне едноставни за пресметување, но нивниот недостаток е што се засноваат само врз екстремните делови од популацијата, не земајќи ги предвид средните слоеви.

Синтетичките показатели ги надминуваат недостатоците на показателите на оддалеченост и со помош на единствен број даваат комплетна информација за нееднаквоста. Тие, во основа ги вклучуваат разликите во приходите меѓу сите единки од популацијата, па според тоа претставуваат порепрезентативни показатели. Секој синтетички показател, неопходно мора да се базира врз повеќе критериуми, како што се:

– *критериум на симетричност*, според којшто пермутацијата на елементите во распределбата на приходите на влије врз показателот на нееднаквост;

– *критериум на трансфер*, според којшто секој трансфер од една посиромашна на една побогата единка, предизвикува зголемување на показателот на нееднаквост;

– *критерум на еднаквост*, според којшто показателот на нееднаквост за перфектно рамномерната распределба е помал од показателот на нееднаквост за било која друга распределба;

– *критериум на екстремна концентрација*, според којшто показателот на нееднаквост за перфектно нерамномерната распределба е поголем од показателот на нееднаквост за било која друга распределба;

– *критериум на Лоренцова доминација*, според којшто доколку распределбата е Лоренц-доминантна во однос на некоја друга распределба, тогаш и нејзиниот показател на нееднаквост ќе биде помал;

– *критериум за независност при константно додавање*, според којшто додавање на константа на секој елемент од распределбата на приходите на влијае врз показателот на нееднаквост;

– *критериум за независност при пропорционално менување*, според којшто пропорционално менување на секој елемент од распределбата на приходите не влијае врз показателот на нееднаквост;

– *критериум за декомпозиција* според којшто показателот на нееднаквост треба да овозможи да се определи придонесот на секоја единка во вкупната нееднаквост;

– *критериум за минимална нормализација*, според којшто показателот на нееднаквост на перфектно нерамномерната распределба изнесува 0;

– *критериум за максимална нормализација*, според којшто показателот на нееднаквост на перфектно рамномерната распределба изнесува 1;

Кон овие критериуми треба да се додаде и најосновната карактеристика што треба да се бара од еден показател на нееднаквост, а тоа е истиот да може лесно да се пресметува, но и да има едноставна интерпретација.

Може да се покаже дека секој показател на нееднаквост се карактеризира со посебна сензибилност кон поодделни аспекти на нееднаквоста. Поради оваа причина, во статистичката анализа, најчесто се применува целокупноста на показатели, извлекувајќи заклучок за нееднаквоста врз база на тенденцијата која се манифестира од страна на сите показатели во исто време.

Традиционален начин за претставување на нееднаквоста во распределбата на приходите е Лоренцовата крива (слика 1). Таа се добива кога на хоризонталната оска во координатниот систем се претстави кумулираниот процент на популацијата, додека на вертикалната оска се претставува кумулираниот процент на приходите. Во случај на перфектно рамномерна распределба, Лоренцовата крива ќе има форма на дијагонала помеѓу точките (0,0) и (1,1). Со оглед дека ваквиот идеален случај во практиката е невозможен, Лоренцовата крива секогаш се наоѓа под оваа дијагонала, формирајќи ја т.н. Лоренцова површина. Распределбата на приходите ќе биде порамномерна, доколку Лоренцовата крива е поблиску до главната дијагонала, односно, доколку Лоренцовата површи-

на е помала. Голем број од синтетичките показатели на нееднаквост се базирани врз Лоренцовата крива. Така, доколку ја ставиме во соодност површината помеѓу Лоренцовата крива и главната дијагонала, од една страна, и површината на тријаголникот ограничен со точките: (0,0), (0,1) и (1,1), од друга, го добиваме познатиот Џини-индекс. Џини-индексот варира меѓу 0 и 1, при што неговата вредност е поголема доколку Лоренцовата крива е пооддалечена од главната дијагонала. Џини-индексот го задоволува критериумот за трансфер, но се карактеризира со тоа што е во поголема мера сензибилен на промената во приходите кај средната класа отколку кај екстремните делови од популацијата. Покрај Џини-индексот, во практиката се користат голем број други синтетички показатели на нееднаквост, како што се: индексот на Теил, индексот на Мехран, Коефициентот на варијација, експоненцијалниот индекс, логаритамскиот индекс и т.н.

Една од посакуваните карактеристики на секој показател на нееднаквост е неговата погодност за декомпозиција. Декомпонирањето на показателите на нееднаквост може да се врши во однос на подгрупи на популацијата или во однос на различни извори на приходи. Во првиот случај, вкупната нееднаквост е поделена на дел којшто ја претставува нееднаквоста меѓу групите и дел којшто ја претставува нееднаквоста во групите. Вториот тип на декомпозиција има за цел да открие колкав дел од нееднаквоста се должи на поодделните извори на приходи.

Крајната цел во истражувањето на нееднаквоста е да се утврди, во колкава мера промените во сферата на економијата се одразуваат врз релативната социјална положба на граѓаните во едно општество. Оттука, произлегуваат различните хипотези за движењето на нееднаквоста, како што е хипотезата за порастот на нееднаквоста во транзитивните општества или хипотезата за нејзино опаѓање во услови на социјално-ориентиран државен интервенционизам во развиените пазарни економии. Улогата на државниот механизам, особено преку фискалната и социјалната политика е мошне голема и најдиректно влијае врз нивото на нееднаквост во општеството. Треба да се истакне дека целта на владините мерки во сферата на нееднаквоста не е нејзино целосно елиминирање и воспоставување целосна рамноправност меѓу сите индивидуи во општеството, но пред сè намалување на нееднаквоста преку подобрување на општествената положба на социјално најзагрозените слоеви во општеството. Ваквата цел може да се постигне само преку глобални владини мерки коишто би ги опфатиле сите домени од економскиот и социјалниот живот во општеството, при што намалувањето на нееднаквоста не би била цел сама за себе. Така на пример, комплексот мерки коишто се однесува на заживување на инвестициите, намалување на невработеноста, намалување на сиромаштијата, има адекватно влијание и врз намалување на нееднаквоста во општеството. Според тоа, нееднаквоста не претставува независна променлива, туку истата во голема мера е условена од целокупниот економски и социјален амбиент во државата.

[1] Cowell F.A. “Measuring Inequality”, London School of Economics and Political Science, 1977, p.9

## *ПРИКАЗ НА НОВА КНИГА*

*ПРОФ. Д-Р МИЛАДИН КРСТАНОСКИ*

# ТУРИСТИЧКО ПРАВО




Во издание на НИП "Студентски збор" - Скопје е објавена книгата на д-р Миладин Крстаноски, професор на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид под наслов **Туристичко право**, која е петнаесетта во опусот на издавањето на авторот. Ова научно дело за прв пат се јавува како македонска туристичко-правна литература, дело на македонски автор. Овој пионерски почеток за развој на туристичко правната мисла во Република Македонија изразена низ книгата "Туристичко право" нека се сфати и како научна смелост и дрскост, на која сите добронамерни критики ќе придонесат за утрешно нејзино поубаво издание.

При изработката на овој труд основна идеја на авторот била воведувањето научна дисциплина **Туристичко право** на Факултетот за туризам и угостителство, без која академското звање - ***дипломиран менаџер по туризам и угостителство*** е некомплетно и недообликувано, а носителите на тоа звање со недостаток на една материја која во идната работа постојано треба да ја практикуваат.

Книгата "Туристичко право" во пет делови ги обработува следните содржини: 1. Општ дел на туристичкото право; 2. Туристички договори кои како именувани ги нормира домашното законодавство и договори кои како туристички ги профилира домашната и меѓународната туристичка практика низ кодифицирани обичаи и унифицирани акти; 3. Договорите кои не се од областа на туризмот, но се во негова функција; 4. Карактеристичните средства за плаќање на надоместот на туристичките услуги, и 5. Решавањето на споровите во туристичкиот промет кои во себе содржат странски елемент.

Авторот во ова научно дело се зафати со истражувањето на мошне актуелна и значајна проблематика и оттука може да биде од полза како за студентите и научните работници, исто така, и за менаџерите во фирмите. Книгата "Туристичко право" по својот опфат и содржината заслужува внимание и побудува интерес (не само кај студентите на економските, туристичките и правните факултети) да се погледа и да се има на работната маса кај секој бизнисмен. ■

*(E&B)*